'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР БИТОЛА



РЕТРОСПЕКТИВА

# БИТ ФЕСТ

19.06.2022 - 03.09.2022

# БИТ ФЕСТ





## ЗА БИТОЛСКОТО КУЛТУРНО ЛЕТО

Битола е град кој во континуитет ги негува културните вредности, водејќи притоа голема грижа за нивна афирмација, заштита на културното наследство и креирање на нови содржини во развојниот процес на традиционалните и историски значајни настани.

Во оваа насока е и развојот на Битола како град на филмот и културата.

Културното лето во Битола има континуитет повеќе од 45 години. Започнувајќи како Хераклејски вечери, со неколку дневно траење, продолжило да ја менува својата форма и траење зависно од организацијата и финансиските средства со кои располагале организаторите. Од 2001 година Битолското културно лето продолжува да се одржува во организација на Општина Битола во соработка со националните институции и поддршка од Министерството за култура, а од 2006 година, општината комплетно ја презема организацијата на Битолското културно лето, со акроним БИТ ФЕСТ.

Низ периодот на траење од околу 3 месеци, содржинската понуда им дава широк избор на сите возрасни групи кои својот интерес можат да го пронајдат во класичната музика, филмот, театарот, ликовните и други изложби, промоцијата на традицијата, големиот број на фестивали и други концертни настапи, мултимедијални проекти и голем број други содржини…

## БИТ ФЕСТ 2022: НОВ КОНЦЕПТ – КУЛТУРА, ЗАБАВА И УМЕТНОСТ

Од 2022 година, БИТ ФЕСТ, на 14 издание Бит Фест, започнува да гради еден сосема нов концепт на културно лето.

Содржините кои се дел од програмата даваат концепт на издигнување на фестивалот на повисоко естетско ниво со почитување на професионализмот, креативноста и повисоките критериуми и норми на уметничка изведба од страна на авторите и изведувачите кои учествуваат во програмата.

Фестивалот заслужено добива шанса да биде идентитетски силен и да претставува предизвик и за уметниците и за публиката.

Сите субјекти кои се вклучени во директна организација и реализација на фестивалот се културни работници, луѓе со висока стручна подготовка, постигнати високи резултати и големо искуство во областа на културата.

14 издание на БИТ ФЕСТ свечено беше отворено на 19 јуни и траеше се до 03 септември.

Фестивалот започна со Концерт на Каролина Гочева на Античкиот локалитет Хераклеја Линкестис, а заврши со концерт на групата „Меморија“, на Ракометното игралиште.

За време на траењето на фестивалот од 77 денови, битолската публика и многубројните гости од земјата и странство имаа можност да проследат вкупно 140 настани од официјалната програма на БИТ ФЕСТ, меѓу кои 9 фестивали, 64 музички концерти на класична, поп, рок, џез музика, како и музика низ која се слушаше народниот мелос, 10 изложби, 25 филмски проекции, 20 театарски претстави, уметнички перформанси и други настани низ кои се промовираше културното наследство, и традицијата.

Дополнително, осум фестивалски денови со фестивалот „Браќа Манаки“, Битола го славеше филмот и големите кинематографери, а Битола беше еден од најважните фестивалски центри во Европа.

Меѓу поголемите настани може да се издвојат: Фестивалот „Илинденски денови“, Битола Шекспир фестивалот, Битола отворен град, Балкан гала фестивал, Џез фабрика фестивалот, Битолино, Солстис, традиционалната Бела ноќ, Локум фест, како и гостувањето на Ансамблот Марко Виденовиќ септет, Битолскиот камерен оркестар, Камерниот оркестар Профундис, Сара Ароесте, ансамблот Танец и Влатко Стефановски, групата „Мизар“, Камерниот хор „Одјек“ од Пожаревац, хорскиот концерт на Женскиот младински хор - МКЦ Скопје со диригентот Сашо Татарчевски и многу други изведувачи кои успеаа да привлечат многубројна публика на повеќе од 12 сцени на отворен и затворен простор.

За време на сите фестивалски денови, Битола ја посетија уметници и културни работници од Македонија, но и од голем број други земји, меѓу кои: Израел, Полска, Чешка, Швајцарија, Турција, Шпанија, Италија, Колумбија, САД, Србија, Полска, Црна Гора, Албанија, Франција...(над 15 земји).

Настаните беа посетени од над 40.000 посетители.

Покрај официјалната програма на БИТ ФЕСТ, во соработка со Културно информативниот центар, се реализира и офф програма, а оваа година за првпат, се ставаат во функција и културно заживуваат Офицерскиот дом и Кино Манаки.

# БИТ ФЕСТ

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА БИТОЛСКОТО КУЛТУРНО ЛЕТО

Во прекрасна атмосфера, со многубројна публика на античкиот локалитет Хераклеја и најголемите хитови на нашата поп дива Каролина Гочева, започна 14 издание на битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022.













## КОНЦЕРТ НА ГРУПА „МИЗАР“

По повод промоцијата на новото ЦД на групата „МИЗАР“ и прославувањето на 40 години успешно дејствување на домашната, но и меѓународна музичка сцена, се одржа концерт на една од најзначајните и највлијателни македонски групи, чија трага е длабоко врежана во современата македонска култура. Овој концерт, беше можност да се види „МИЗАР“ во целиот свој сјај.





## КОНЦЕРТ НА ДАВОР НЕЌАК – БАРИТОН ВО ПРИДРУЖБА НА ГОРЈАНА СТОЈАНОВСКА – ПИЈАНО

Во преполната сала на Офицерскиот дом во Битола, синоќа, се одржа солистички концерт на Давор Неќак – баритон, во прудружба на Горјана Стојановска – пијано. Многубројната публика имаше можност да ја проследи концертната програма исполнета со дела од П. И. Чајковски, Џ. Верди, М. Равел, С. Рахмањинов, како и дела на други композитори.







КОНЦЕРТ: „БАРОКНА ИНСПИРАЦИЈА“ СО
МАРКО ПОП РИСТОВ - ВИОЛИНА И МАРКО АРИАНИ – ВИОЛОНЧЕЛО



КОНЦЕРТ: ЛЕТНО НОКТУРНО СО ВИОЛОНЧЕЛО И
КЛАВИР СО САРА ЈЕДЛИЧКОВА И КАМИЛ ЕЛ АХМАДИ

## КОНЦЕРТ ЗА КЛАРИНЕТ, ГЛАС И ПИЈАНО

Во рамките на БИТ ФЕСТ се одржа концерт за глас, кларинет и пијано со Весна Гиновска - Илкова- сопран, Ристо Ѓоревски-кларинет и Елена Атанасовска - Ивановска - пијано. Нивната програма беше исполнета со дела од Р. Шуман за кларинет и пијано, арија од операта "Gianni Schicchi" од Џ. Пучини, дела од В. А. Моцарт, А. Гргин, Б. Ковач, Ф. Шуберт и А. Пјацола.




## КОНЦЕРТ „ТАБУЛА РАСА" СО КАМЕРНИОТ ОРКЕСТАР „ПРОФУНДИС"

Дел од БИТ ФЕСТ беше концертот насловен "Табула раса" во изведба на Камерниот оркестар „Профундис" со вилоинистите Ана Кондратенко и Владимир Костов под диригентската палка на Ѓурѓица Дашиќ. Камерниот оркестар „Профундис" постои веќе три години, а негови главни цели се промоција на квалитетот и особеноста на изразот со посебен акцент на оригиналноста на сите концертни изведувања. Целовечерниот концерт на БИТ ФЕСТ, беше изведен во чест на еден од најистакнатите современи композитори, естонскиот композитор Арво Перт.

Во Камерниот оркестар „Профундис" членуваат едни од најистакнатите македонски инструменталисти што се дел од двата професионални оркестри: Националната опера и балет и Националната филхармонија. Квалитетот на оркестарот составен од веќе докажани имиња и неговата флексибилност во сите стилски епохи, го дефинираат како уметнички ансамбл на 21 век, способен да одговори на сите барања на музичката продукција.






## „ХОРСКИ КОНЦЕРТ“

Во концертната сала на Офицерскиот дом во Битола во рамките на БИТ ФЕСТ 2022 се одржа хорски концерт на Женскиот младински хор - МКЦ Скопје со диригент: Сашо Татарчевски и камерниот хор на универзитетот „Адам Мицкјевич“- Познањ со диригентот: Кшиштоф Шидиш кој беше испратен со петнаесет минутен аплауз и овации.





## НАСТАП НА КАМЕРНИОТ ХОР „ОДЈЕК“

Во рамките на концертот на Камерниот хор „Одјек“ од Пожаревац, публиката имаше можност да ужива во изведбата на традиционални песни од Балканот, меѓу кои "Што ми е мило ем драго", "Посеје деда три леје лука", "Назад Калино моме" и други.





## КОНЦЕРТ НА МАРКО ВИДЕНОВИЌ – СЕПТЕТ

Концертот насловен „Bitola stories“, беше исполнет со композиции со битолски приказни, авторско дело на Виденовиќ.
Дел од програмата беа програмските композиции „Bitola stories“, „Безистен“, „Рингишпил“, „The town is dead“, „Лечебна“, „Old bazar“, „Драгор“, „Понекогаш на тебе помислувам“, „Around the town“, „Кленовец“. Композициите се инспирирани од детството на Виденовиќ, како и неговите подоцнежни години, поминати во Битола.
Марко Виденовиќ - септет е составен од професионални музичари кои се редовни членови при Македонската филхармонија и Македонската опера и балет. Во овој состав членуваат: Марија Јакимовска - флејта и алт флејта, Владимир Лазаревски - обоа и англиски рог, Игор Бакревски - кларинет и бас кларинет, Паскал Краповски - виолончело, Кристијан Кожумановски - контрабас, Благоја Антовски - тапани, и Марко Виденовиќ - виола и пијано.
Како специјален гостин на концертот настапи Никола Ристевски на бас тромбон.





## КОНЦЕРТ„ЉУБОВ И СВЕТЛИНА“

Играта на светлината одлично ја надополни музичката вечер наречена „Љубов и светлина“ на која настапија Марина Коруновска – мецосопран, Александра Ристевска – пијано и Марјан Бакревски – кларинет, синоќа во Офицерскиот дом, во рамките на Бит фест.
Спојувањето на тројца врвни музичари, преку исклучително добро одбраниот репертоар, во кој сите тројца покажаа дека се извонредни во својата област, на сцената донесе музика од Хајдн, Брамс, Шуберт, Григ, Прокопиев, Дебиси, Мусоргски и Пијацола.
Марина Коруновска, Александра Ристевска и Марјан Бакревски се професори во Државното музичко училиште во Битола.





## ПРЕКРАСНА АТМОСФЕРА НА КОНЦЕРТОТ „МУЗИКАТА РАСКАЖУВА ПРИКАЗНИ“

Како дел од програмата на битолското културно лето, љубителите на класичната музика имаа можност да уживаат во прекрасните звуци на пијаното, во изведба на две врвни пијанистки од Битола, Татјана Божиновска и Билјана Димовска.

На програмата беа изведени дела од познатите балети на Петар Илич Чајковски.





## „НЕЗАБОРАВ“ ГИ ВРАТИ БИТОЛЧАНИ НИЗ МУЗИЧКИОТ БИТОЛСКИ ВРЕМЕПЛОВ

Пред бројната публика во Центарот за култура, по 12 пат, се одржа музичката манифестација „Незаборав“, на која беа изведени песни за Битола.



На концертот, во музичка придружба на групата „Калабалак“, настапија Велчо Петровски- Папал, Боби Поповски - композитор на легендарниот хит „Пусти мерак Ратке“ кој ја изведе оваа песна во придружба на татко му Никола Поповски, Билјана Дамјановска, Сефедин Бајрамов, Икс Бенд и Бојан Стојков.

Организатор на манифестацијата е Панде Димитровски, а водител на настанот беше Силвана Петровска-Насух.





# БИТ ФЕСТ



ВЕЧЕР НА ОРИЕНТАЛНА МУЗИКА
“ТУРКУАЗ" СО ИБРАХИМ ЏЕНГИЗ



КОНЦЕРТ НА КОД 369

## БИТОЛСКИОТ БЕНД „FUDGE“ НА БИТ ФЕСТ

Некогашните фанови на „FUDGE“, имаа ретка можност да се забавуваат со омилениот бенд од младоста. Со овој настап, бендот кој ја пишуваше поновата битолска и македонска рок историја, одбележа 25 години. Како предгрупа на „FUDGE“, задоволството да биде уште поголемо, се погрижија "Sound Waves".







## ЏЕЗ ВЕЧЕР СО КЛОД БОЛИНГ - ТООТ КВАРТЕТ

Публиката, низ настапот на Стојанче Косовски-труба, Емилија Кабранова Филипова-пијано, Зоран Павлоски-контрабас и Филип Шурбевски-тапани имаше можност да ја проследи музиката која е микс од класична и џез музика, приемлива и интересна за секој слушател.






## ПРАЗНИК НА МУЗИКАТА „СОЛСТИС“

Во организација на Француската алијанса, со поддршка од општина Битола, се одржа 20 јубилејно издание на Фестивалот „Солстис“ – празникот на музиката.

На 10 сцени од Старата чаршија до Офицерскиот дом во Битола, голем број изведувачи, бендови оркестри, хорови и познати пејачи создадоа прекрасна атмосфера, токму во насока на реализација на целта на овој фестивал: да ја промовира музиката, а аматерите и професионалните музичари да се охрабруваат да настапуваат на улиците, додека концертните настапи се бесплатни за јавноста.

Фестивалот е традиционална музичка манифестација и истиот е дел од светската мрежа на овој франкофонски фестивал, познат и како Fete de la music, односно Светски ден на музиката и официјален почеток на летото. На овој ден во над 180 земји во светот каде франкофонијата има свое влијание голем број граѓани и музичари излегуваат на улиците, плоштадите и музицираат, пеат, танцуваат.













## ОСМО ИЗДАНИЕ НА БИТОЛА ШЕКСПИР ФЕСТИВАЛ

Со претставата "Макбет" во режија на Грегор Суски, а во изведба на Драмски театар "Александар Вегиерко", од Бјалисток, Полска, на сцената во Народниот театар во Битола, започна програмата на осмото издание на Битола Шекспир фестивал, кое се одржуваше под мотото „Мислата е слободна“ - цитат од делото „Бура“ на Шекспир.
Вљубениците во театарот и почитувачите на делата на големиот автор Вилијам Шекспир, имаа можност да проследат повеќе театарски претстави во изведба на театри од: Полска, Црна Гора, Албанија, Италија и Бугарија.
Фестивалот го затвори, ансамблот на Драмски театар „Иван Радоев“ од Плевен, со изведба на претставата „Хамлет“.





# БИТ ФЕСТ





## 10 ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ НА ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО - БЕЛА НОЌ ВО БИТОЛА

Оваа година се одржа 10 јубилејно издание на ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО - Бела ноќ во Битола
Првата вечер, дел од програмата беа БИТОЛСКИ КАМЕРЕН ОРКЕСТАР, заедно со Ламбе Алабаковски, Наде Талевска, Нико Ѓоергиевски, Ирена Димовска, Виктор Апостоловски и Дј Љубиша.
Втората вечер, на настапот на мега популарниот КИРИЛ ЏАЈКОВСКИ, претходеше загревање на атмосферата со Дј Љубиша и Дј Ацика.












## 21 ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД“

Четири дена, Битола беше во знакот на младинскиот арт фестивал Битола Отворен Град, кој повеќе од две децении обединува, креира и инспирира младинско учество.

Во изминатите 20 изданија овој фестивал беше сцена за 240 културни настани на која згазнаа повеќе од 600 млади уметници од над 40 земји во светот.

Годинава со четирите фестивалски денови, на оваа статистика се приклучија нови учесници и волонтери. На нови три локации, настапија бројни артисти од електронската музичка сцена, промовирани беа две изданија книги „ВО ДИЈАЛОГ, Визуелна и применета ликовна програма на КСП Центар-Јадро (2020-2021)“ ипромоција на монографијата: „МИЗАР Откровенија 1981-2021" на Тошо Филиповски. Организирана беше и првата Берза на винили на Широк Сокак, а финалето беше во градскиот парк со голем музички хепенинг на кој настапи домашниот бенд ВЕЛ, БAiLDSA од Грција и Helem Nejse од Босна.

Градскиот парк за прв пат беше употребен како локација за концерт и се покажа како одличен потег, иљадници млади луѓе го следеа концертот пред бината и по зелените површини групирани со своите пријатели.












## 16 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „ЛОКУМ ФЕСТ – МУЗИКА И ТРАДИЦИЈА“

Локум фест е првата фестивалска манифестација во Македонија која својот зародиш го има во Старата битолска чаршија, како обид да се сврти вниманието кон неа. Битолската чаршија синоним за занаети, еснафи, мултикултурализам, за кафе со локум како синоним за средба. А таа со години се празни, а објектите ги јаде времето. Амбиенталната архитектура, сведок на едно време, сè повеќе се стилизира или распаѓа, а со тоа и нашата врска со минатото. Оттаму и е мотивот и идејата за фестивал кој ќе ги спои во еден концепт музиката, традицијата, креативните индустрии и културното наследство.

Со концерт на етно групата „Монистра“ на платото пред Офицерскиот дом во Битола почна 16 издание на „Локум фест – музика и традиција 2022“. Фестивалот продолжи со „Плантек“ од Бретања, Франција, чија музика е спој на традиционална и електронска музика. Вечерва, на истата локација ќе биде промовиран ладино албумот „Монастир“ на американканката Сара Ароесте, посветен на Битола, со музичари од Израел и Македонија. Вечерта завршува со играње и пеење на балканска музика со познатата хрватско-шведско-македонска група „Афион“.

На втората вечер, беше промовиран ладино албумот „Монастир“ на американканката Сара Ароесте, посветен на Битола, со музичарите Шаи Бакар, Мајан Доари, Шаи Шавит од Израел и Вевки Амедов, Сефедин Бајрамов, Хелена Суша од Македонија.

Вечерта заврши со играње и пеење на балканска музика со познатата хрватско-шведско-македонска група „Афион“.

Саемот на ракотворби во организација на ЗУР Македонски ракотворби и изложбата насловена: Данабаш низ архивскиот материјал „Раскошот и проклетство“ во организација на Државен архив од Битола, беа дел од третата вечер на фестивалот. Музичкиот дел, кој беше дополнителна причина за раздвиженост на Старата битолска чаршија беше исполнет со настап на: пензионерската пејачка група „Сирма Војвода“ Битола, чалгиската тајфа„Антико“ и групата „Gipsy Groove“ од Косово.





# БИТ ФЕСТ





## БАЛКАН ГАЛА ФЕСТИВАЛ

Балкан Гала '22 е уникатен дводневен фестивал единствен на овие простори.
Две концертни гала вечери со многу гости артисти, придружувани од Камерниот Оркестар на Битола составен од над 40 музичари.
Овој фестивал е уникатна можност да се слушнат омилените песни и артисти во сосема нови симфониски аранжмани.
На фестивалот, пред многубројната публика беа претставени најпопуларните проекти на Камерниот Оркестар на Битола во комбинација со најдобрите домашни и најпознати изведувачи од Балканот.










# БИТ ФЕСТ





















## 52 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ НА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“

Со првото издание на Интернационалниот етнографски филмски фестивал, започнуваа годинашните 52 по ред ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ, кои се одржаа под мотото „Од корените до цветот“. Фестивалот имаше најобемна програма досега, која за прв пат вклучуваше и Интернационален фестивал на етно филмови, потоа работилници, изложби и стручен симпозиум како убав вовед во фестивалските вечери, кои повторно со големото дефиле по улиците на Битола стартуваа на 26 ти и ќе завршија на 30 јули, а сите фестивалски денови на едно место собраа над 1.000 учесници. Гости од Шпанија, Мексико, Колумбија, САД, Полска, Италија, Србија и десетици домашни ансамбли го донесоа националниот фолклор низ улиците на Битола, под светлата на фестивалските сцени кои годинава блеснаа на стари и познати, но и на некои сосем нови локации.





# БИТ ФЕСТ





















## 11 ИЗДАНИЕ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ДЕТСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛИНО“

Под мотото „Per astera ad astra“ (Патот до ѕвездите е трнлив), во Битола се одржа 11 издание на „Битолино“, кое одбележа огромна посетеност. Фестивалот во Битола се одржа во нов формат, претставите се одиграа под отворено небо, на две сцени, на платото на Офицерски дом. Покрај куклената работилница, дел од фестивалот беа 9 претстави на 7 театри од 6 земји.










## ПЕТТО ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ НА „ЏЕЗ ФАКТОРИ ФЕСТИВАЛОТ“

Со настап на Оливие Самуилан од Франција и Сашо Поповски квартет од Македонија на сцената во Битолскиот театар, се затвори 5 јубилејно издание на „Џез фактори фестивалот“.
Сашо Поповски настапи заедно со Кирил Кузманов на алт саксофон и флејта, Иван Бејков на контрабас и Виктор Филиповски на тапани. Поповски е неуморниот борец за покултурна македонска музичка сцена и еден од нашите најактивни претставници надвор од земјата. Квартетот е составен од докажани имиња на македонската џез сцена.
Покрај нив, настапија и FANFARA STATION од Италија, а беше доделена и наградата „Гоце Димитровски“ за најдобар млад џез музичар за 2021 година на Александар Бошков.
Џез Фабрика Фестивал – Битола, кој се реализира со поддршка од општина Битола, е единствен етаблиран меѓународен џез фестивал на територијата на Општина Битола кој ја негува современата и прогресивна музичка мисла со главен фокус на домашните и регионални артисти, стожер во креирањето на современата Македонска музичка сцена, преку културна децентрализација, меѓународна промоција на домашни артисти, партнерство во европски мрежи, промотор на социјални и општествени промени.

## „ПАЈНЦА ФЕСТ“ ЈА НАПОЛНИ БИТОЛСКАТА ЧАРШИЈА

Во Старата битолска чаршија се одржа „Пајнца фест“, на кој настапија неколку музички групи.
Бројната публика, ја забавуваа групите Instinct од Ресен и битолските Sound waves, Corrosion, ВЕЛ, а кулминација на вечерта беше настапот на групата Паркети.










## ДЕСЕТТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ НА ЕЛЕКТРОНСКА МУЗИКА „СМОТРА“ ВО СТАРАТА БИТОЛСКА ЧАРШИЈА

Како дел од “Бит Фест“ во Старата битолска чаршија на улицата “Панда Чеснова“ се одржа фестивалот на електронска музика „СМОТРА“ во организација на “Асоцијација 615“.
„По девет непрекинати изданија, обединувајќи ги најдобрите таленти успеавме да изградиме и одржиме фестивал кој претставува дестилатор на најдобрите електронски звуци во Македонија.
Со необичните локации (запуштени објекти во поранешната касарна, старата чаршија, подземни гаражи итн.) и внимателно избрани изведувачи кои настапуваат со енергични ди-џеј сетови и настапи во живо, СМОТРА претставува одлично место за сите перфекционисти и љубители на алтернативната култура.
Овој мултимедијален проект во форма на музички фестивал е креиран од млади ентузијасти со цел да ја децентрализираат електронската музичка сцена и да ги приближат младите до современите уметности“, велат од Асоцијација 615.

## ВЕЧЕР СО ИМПРОВ ГРУПА „НАСТАП“ – ТЕАТАРСКИ ИГРИ ВО ФОРМА НА ЗАБАВНО ШОУ



Дел од програмата на БИТ ФЕСТ, беше и Импров групата “НАСТАП”, која се бави со играње на театарски игри на импровизација во форма на забавно шоу.
Импровизацискиот театар е чин на уметничко изразување во облик на непосреден, но комплексно структуиран јавен настап; обврзан да критикува, демистифицира и образува, оградувајќи се од вулгарност и прост подбив.
Импровизацијата и непосредната креација отсекогаш биле основен дел од креативниот процес. Постојат вежби и „игри“, кои ја освестуваат и развиваат способноста на изведувачот да се адаптира на секој нов проблем и секогаш да дејствува од релаксирана но активна позиција.
Заснован на овие вежби за импровизација, адаптирани да се играат пред публика, импров театарот дава можност на публиката директно да учествува во создавањето на сцените кои актерите ќе ги одиграат за прв пат.

# БИТ ФЕСТ





## ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“ ВО ИЗВЕДБА НА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Вљубениците во театарот, на сцената на Народниот театар во Битола, имаа можност да ја проследат театарската претстава „Народен непријател“, во изведба на Македонскиот народен театар.

„Народен непријател“, драмата во пет чина од Хенрик Ибзен, прв пат е објавена на 28 ноември 1882 година со оригинален наслов „En folkefiende“. Напишана е како одговор по јавниот скандал за неговата претходна драма – „Духови“, која ја критикува хипокризијата и моралот во општеството.

## ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „ЧЕТИРИ СОБИ“

Театарот „Јордан Х.К.Џинот“ од Велес, на БИТ ФЕСТ, гостуваше со театарската претстава „Четири соби“, работена според делото на Квентин Тарантино и други автори, во режија на Синиша Евтимов.

Претставата „Четири соби“ е работена според мотиви од сценариото на истоимениот култен филм од 1995 година. Станува збор за четири приказни кои се случуваат во една новогодишна ноќ, сместени во четири различни соби на еден хотел.





# БИТ ФЕСТ


Денови на SEE FILM FESTIVAL на БИТ ФЕСТ
КЕИФ
KEIF
КЕИФ - 11.07.2022
The Elegy of Laurel
ЕЛЕГИЈА НА ЛОВОРОТ - 12.07.2022
FREESTYLE TO MONTENEGRO
СЛОБОДЕН СТИЛ ДО ЦРНА ГОРА - 13.07.2022
SEE FILM FESTIVAL
11.07 – 15.07
20.00 Кино Манаки
'22 БИТ ФЕСТ
СОНЛИВИ ПТИЦИ
14.07.2022
Neighbours
СОСЕДИ
14.07.2022
THINGS THAT BRING US TOGETHER
РАБОТИТЕ ШТО НЕ ЗБЛИЖУВААТ - 14.07.2022
АМАН!
15.07.2022




НЕДЕЛА НА ДЕТСКИ ФИЛМОВИ
четврто издание
ХАКЕР
МИРАИ
4 – 8 јули 2022
Кино Манаки Битола





## ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУБ

На годишната изложба беа презентирани педесет и шест дела, слики, графики (во техника сува игла и дигитална графика) и скулптура (релјеф) од четириесет и еден автор од Битола, како и од други македонски градови. Изложбата на тој начин доби во својата стилска разновидност свежина што е карактеристично за делата изработени во 2021-2022 год од автори кои припаѓаат на помладите генерации, што е нормален процес на промена со текот на времето.

Стилскиот дијапазон на определувања ја опфаќа апстракцијата, знаковното сликарство и графика, разните видови пејзажи, творби со белези на надреалност и фантастика, како и неколку видови фигурација со примери на психолошки осмислено портретно сликарство.

Автори на изложбата: Душан Шешиќ. Димитар Димитров, Синиша Кашавелски, Матеј Богдановски, Васко Ѓоргиев, Владимир Младеноски, Маја Ковачевска, Дурмиш Ќазим, Ване Костуранов, Валентина Илијевска, Вангел Крстиновски, Стеван Цигаридов, Петар Кирановски, Игор Стаменковиќ, Стефан Анчевски, Тони Попов, Панде Петровски, Вано Кеков, Елена Ѓорѓиевска, Дејан Макаријоски, Андријана Мациев, Анастасија Петрова-Мушовска , Динко Ненов, Кирил Т. Константин, Илија Маџаров, Стефан Малбашиќ, Ленче Крстеска Јагоридовска, Сашо Блажески, Бојана Артиновска, Димитри Балојани, Слободан Рајчевски, Владимир Илиевски, Александар Поповски (Цанче), Роберт Михајловски, Оливера Лазаревска, Александар Поповски, Татјана Манева.



Гости на изложбата Решат Амети, Љупка Галазка Василев, Славица Милева, Лара Ташковска Ларсон.





## ИЗЛОЖБА „ГРАФИЧКИ ДЕЛА ОД МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ“

Изложбата опфаќа македонски ликовни уметници кои создавале во периодот од 1951 до 1991 година: Мартиновски, Биков, Шемов, Чемерски, Перчиников, Дада, Стефановски, Анастасов, Малиданов, Петлески и др. Кустос на изложбата е Владо Ѓорески, историчар на уметноста, а изложбата ја отвори д-р Александар Стерјовски.

Изложените дела се дел од Графичката мапа на Факултетот за ликовни уметности Скопје, издадена и публикувана во 1991 година и се дела на професори кои предавале на овој факултет. Заради покомплетна слика на периодот, неколку графики се репродукции (Чемерски, Ташковски, Хаџи Бошков, Мартиновски), со цел да ја докомплетираат претставата за графичката продукција од тој период и да придонесат во информативен и едукативен контекст.




## ИЗЛОЖБА „ЕДЕН ДРУГ КРУГ“, ГРАФИКИ ОД РОБЕРТ МИХАЈЛОВСКИ



Дрворезите на Роберт Михајловски, го истражуваат „пејзажот“ на урбаното и невидливото присуство на човечката дејност во тој се покомлициран лавиринт.

Неговите отпечатоци се со одрдена симболка и асоцијативност која е на границата помеѓу одредена поетика и распаднатост која е присутна низ севкупната скоро унифицирана мундијална архитектура.

Тоа се урбани пејзажи создадени од луѓето, не како идиличен свет туку како свет за елементарна егзистенција, сурова, отпадничка и често отуѓена во својата линиска структуираност слична на стапица, затвор, неслобода, психолошки алиениран амбис.

Во тој несовршен, нестабилен, нејасен материјал сличен на полураспаднати скелети, се насетува некаква девастација и на небесниот простор кој што е во корелација со залезот на урбаната археологија.

Тоа се предели населени од сопствениот живот на чудните материјали од кои се изградува метрополата, елементи кои веќе се со „сопствен“ живот во кој постоењето на човекот е се поминорно и понезабележливо. Тоа се материјали кои се повеќе се натрупуваат како отпадното царство на пост- индустриската ера.

Дрворезот е најблизок и најдиректен во изразувањето на оваа опсервација

## ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ „ИСЧЕЗНУВАЊЕ“

„Планот не беше да се појавиш. Ниту да исчезнеш. Но, што е планот наспроти случувањето? А и како би исчезнало, ако не се појавило. Па на бело платно, изгорено дрво… и многу вода. Кога се обиде да ја измиеш нечистотијата, почна да исчезнуваш. Но, застана. Тогаш, ниту те имаше, ниту те немаше… Како облак кој ниту е вода ниту лед. Како задржан здив, ниту вдишан, ниту издишан. Исчезнувајќи – се појави“ – вели Владимир Илиевски, во својот осврт за изложбата.





## УМЕТНИЧКА ИНСТАЛАЦИЈА „КРЕШЕНДО“, ВЛАДИМИР СИМОНОВСКИ





## СО КОНЦЕРТ НА ГРУПАТА „МЕМОРИЈА“ ЗАВРШИ 14 ИЗДАНИЕ НА БИТ ФЕСТ

Со концерт на групата „Меморија“, синоќа на Ракометното игралиште, заврши програмата на 14 издание на битолското културно лето „БИТ ФЕСТ“.
Новиот концепт кој го воведува општина Битола во организација на битолското културно лето, продолжува континуирано да се надградува,





# БИТ ФЕСТ











bitfest.mk

'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР БИТОЛА

